РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2424/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## III ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, април 2010

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи да чита и пишува букви и краток текст со печатни и латински букви;
- да се оспособи да го разликува латиничното од кирилското писмо;
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да препознава именки, придавки и глаголи (да ги разликува како видови зборови);
- да се оспособува за користење на елементарните граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- да се оспособи да ги разликува и користи видовите реченици (расказни, извични, прашални);
- да се оспособи да оперира со именките (сопствени и општи), глаголите и интерпункциските знаци;
- да се оспособува да чита и усно да прераскажува литературни дела од литературата соодветна на возраста;
- да се оспособува усно да раскажува на литературен јазик;
- да се оспособува да учествува во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти;
- да го збогатува речникот со нови зборови;
- да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- да се поттикнува да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- да се оспособува за примена на ИКТ во функција на предметот.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (ЛАТИНИЦА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се запознае со редот на буквите во азбуката;<br>▸ да ја знае азбуката напамет;<br>▸ да се оспособи да ги идентификува и именува малите и големи печатни латински букви;<br>▸ да разликува латински од кирилски букви;<br>▸ да се оспособува да чита и да пишува зборови и текст со печатни латински букви;<br>▸ да се оспособува да пишува зборови и куси реченици со печатни латински букви. | ▸ Азбука<br>▸ Графички симболи (печатни латински букви)<br>▸ Усвојување на големите и малите печатни латински букви преку поединечно и групно пишување | ▸ Азбука<br>▸ Печатни латински букви | ▸ Вежби за кажување на буквите по азбучен ред.<br>▸ Вежби: пронаоѓање на испуштената буква-кирилица и/или латиница;<br>▸ Вежби за воочување на разликите и сличностите помеѓу латинските и кирилските букви.<br>▸ Вежби за читање зборови и нивно поврзување во реченица.<br>▸ Вежби: читање со разбирање на текстот.<br>▸ Игра: „на буквата...на буквата" (латински и кирилски букви).<br>▸ Вежби за пишување зборови со латински букви (усовршување на пишувањето на печатните латински букви).<br>▸ Пишување букви по шаблон, во воздух, на табла и др.<br>▸ Вежби за правилно пишување и за поврзување на буквите во зборот и во реченицата. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК (ГРАМАТИКА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да составува правилно кратка реченица и правилно да ги подредува зборовите во реченицата; | ▸ Редот на зборовите во реченицата | ▸ Зборoред во реченицата | ▸ Вежби за правилно препишување кратки реченици.<br>▸ Вежби за составување кратки реченици по правилен редослед на зборовите во реченицата. |
| ▸ да разликува расказна, прашална и извична реченица и правилно да ги употребува; | ▸ Расказна, прашална и извична реченица | ▸ Расказна, прашална и извична реченица | ▸ Вежби за воочување и составување на прашални, расказни и извични реченици во усна и писмена форма според начинот на искажување и според интерпункциските знаци.<br>▸ Вежби за гестикулација, импровизација и драматизација при интерпретација на расказните, прашалните и извичните реченици, со разликување. |
| ▸ да ги препознава деловите на реченицата (збор и слог); | ▸ Збор во реченицата, слог во зборот | ▸ Збор<br>▸ Слог | ▸ Вежби за одбележување на зборовите и слоговите во реченицата и зборот.<br>▸ Вежби за определување на бројот на зборовите во реченицата.<br>▸ Вежби за определување на бројот на слоговите во зборот.<br>▸ Вежби за составување на зборови со помош на дадени слогови и букви.<br>▸ Игра:„Дете-слог"-децата носат слогови и прават збор.<br>▸ Игра: „Дете-буква"-децата носат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | букви и прават збор.<br>▸ Игра: „Деца-реченица”-децата носат зборови и прават реченица. |
| ▸ да го усвојува поимот за општи и сопствени именки;<br>▸ да ги препознава и идентификува општите и сопствените именки во реченицата; | ▸ Општи и сопствени именки | ▸ Општи и сопствени именки | ▸ Вежби за разликување на општите и сопствените именки од другите зборови.<br>▸ Пишување општи именки и сопствени именки.<br>▸ Пишување со различни бои на сопствените и/или општите именки во текстот;<br>▸ Пополнување на празното место со соодветна именка (со објаснување). |
| ▸ да разликува род и број кај именките; | ▸ Род и број кај именките | ▸ Род и број | ▸ Пишување реченици со дадени именки со почитување на категориите род и број.<br>▸ Вежби за разликување на именките според родот и бројот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да го усвои поимот за глаголот како збор кој означува работа, дејство;<br>▸ да знае да оперира со глаголи и да го објаснува дејството; | ▸ Глаголи | ▸ Глаголи | ▸ Вежби за усвојување на глаголите како видови зборови и нивно разликување од останатите зборови во реченицата и во текстот.<br>▸ Вежби за идентификација (обојување) на глаголите во реченицата/текстот.<br>▸ Вежби за објаснување на дејството/работата од глаголот. |
| ▸ да се оспособи правилно да употребува голема буква при пишување на сопствените имиња и презимиња и почеток на нова реченица; | ▸ Голема буква при пишување на сопствените имиња и презимиња и на почетокот на нова реченица | ▸ Голема буква | ▸ Вежби за употреба на голема буква при пишување на сопствените имиња.<br>▸ Вежби за употреба на голема буква при почнување нова реченица.<br>▸ Вежби за исправка на текст со грешки (каде сопствените имиња и презимиња и почетокот на нова реченица се напишани со мала буква). |
| ▸ да ја знае функцијата на интерпункциските знаци и правилно да ги применува при читањето и пишувањето;<br>▸ да ја знае причината за постоењето на знакот на даденото место. | ▸ Интерпункциск и знаци:<br>• точка<br>• запирка<br>• прашалник<br>• извичник | ▸ Интерпункциски знаци:<br>• точка<br>• запирка (при набројување<br>• прашалник<br>• извичник | ▸ Вежби: препознавање и примена на интерпункциските знаци.<br>▸ Вежби: практична примена на интерпункциски знаци (картичка) на крајот од реченицата.<br>• Вежби: корекција на погрешно употребен интерпункциски знак со драматизација, импровизација, гестикулација. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧИТАЊЕ ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува за правилно гласно читање;<br>▸ да се оспособува за изразно читање со разбирање;<br>▸ да се оспособува за почитување на интерпункциските знаци (правилна артикулација на гласовите, зборовите и речениците;<br>▸ да се оспособува за читање во себе со разбирање на текстот;<br>▸ да се оспособува за драмско читање (со имитирање на говорот на ликовите во текстот); | ▸ Драмско читање<br>а) гласно читање<br>б) изразно читање | ▸ Гласно читање<br>▸ Изразно читање<br>▸ Читање во себе<br>▸ Драмско читање | ▸ Вежби за воочување на различните начини на читање на ист текст.<br>▸ Вежби за правилно гласно и логичко читање со почитување на интерпункциските знаци.<br>▸ Вежби за акцентирање на зборовите (зборовен акцент).<br>▸ Вежби за правилно изговарање на зборовите во реченицата.<br>▸ Вежби за пресретнување грешки во изговорот на зборовите.<br>▸ Драматизаација на текст.<br>▸ Вежби за читање на текстови пишувани со македонско кирилско и македонско латинско писмо. |
| ▸ да се оспособува за воочување на редоследот на настаните во текстовите;<br>▸ да знае да се префрлува од настан во настан;<br>▸ да се оспособува за самостојно | ▸ Хронолошки ред на настаните во расказ, бајка, басна, драмски текст | ▸ Лик<br>▸ Редослед на настаните | ▸ Вежби за препознавање и разликување на расказ, бајка, басна и драмски текст.Вежби за воочување на редоследот на настаните во текстовите.<br>▸ Вежби за препознавање и разликување на главните од споредните ликови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| определување на главните ликови;<br>▸ да се оспособува за определување на особините на ликовите и нивниот опис; | ▸ Определување на ликови - главен и спореден<br>▸ Опис и особини на ликовите | | ▸ Вежби за определување на особините на ликовите и за опишување на нивниот надворешен изглед.<br>▸ Разговор за корекција на особините на ликот.<br>▸ Идентификација на особините на 2 заменети лика; |
| ▸ да се оспособува да ги запознае поговорките и гатанките како народни мудрости и да ги поврзува со адекватен пример;<br>▸ да се оспособува да ги разликува поговорките и гатанките од останатите видови текстови; | ▸ Поговорки и гатанки | ▸ Поговорки и гатанки | ▸ Вежби за учење и примена на гатанки и поговорки и разбирање на нивната содржина.<br>▸ Вежби за примена на поговорките и гатанките при анализа на текстот (при извлекување на поука од текстот - идејната основа). |
| ▸ да се оспособува да разликува песна (стихотворба) од другите видови текстови (проза и драмски текст);<br>▸ да се оспособува да разликува стих од строфа;<br>▸ да научи што е рима; | ▸ Песна<br>▸ Стих<br>▸ Строфа<br>▸ Рима | ▸ Песна<br>▸ Стих<br>▸ Строфа<br>▸ Рима | ▸ Вежби за рецитирање на песни.<br>▸ Вежби за разликување стих, строфа и рима во песната. |
| ▸ да се оспособува самостојно да ја чита книгата за лектира; | ▸ Да се обработат четири книги | ▸ Лектира | ▸ Запознавање на учениците со насловите на лектирните дела што ќе се обработуваат во текот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да забележува непознати зборови, изрази, реченици;<br>▸ да се запознава со биографските податоци на авторот;<br>▸ да се оспособува да одговара на прашања и да поставува прашања во врска со содржината на текстот;<br>▸ да ја открива тематско-идејната основа на текстот (за што станува збор во книгата и што кажува текстот). | за лектири (по сопствен избор) | | годината со објаснување.<br>▸ Запознавање со биографските податоци за авторите на лектирните дела и доближување на конкретен план.<br>▸ Запознавање и доживување на содржината на книгата за лектира.<br>▸ Вежби за определување на тема, идеја, главни и споредни ликови и нивните особини, со конкретизирање и давање солуции за тоа.<br>▸ Поттикнување на учениците да прочитаат и други дела од авторот на книгата за лектира. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да прераскажува куси содржини;<br>▸ да се оспособува да раскажува видени, доживеани настани, настани според слики и според дадени зборови;<br>▸ да се оспособува да опишува предмети, суштества, содржини од слики;<br>▸ да се оспособува да известува за слушнат или доживеан настан;<br>▸ да се оспособува да го осмисли/предвиди крај от на расказ по даден почеток;<br>▸ да се оспособува да раскажува усно на тема по сопствен избор; | ▸ Прераскажува ње на куси текстови (расказ, бајка, басна)<br>▸ Раскажување на доживеан настан<br>▸ Раскажување по низа слики<br>▸ Раскажување по дадени зборови<br><br>▸ Опишување: предмет, суштество, содржина на слика и др.<br><br>▸ Известување за виден, слушнат и доживеан настан | ▸ Прераскажува<br>▸ Раскажување<br>▸ Опишување<br>▸ Известување | ▸ Вежби: прераскажување на обработени текстови.<br>▸ Вежби за раскажување по дадени слики, дадени зборови и по даден план.<br>▸ Вежби за опишување (по даден план).<br>▸ Вежби за известување по хронолошки даден план.<br>▸ Раскажување на состав пред другите ученици од одделението.<br>▸ Вежби за општ разговор за раскажаното. |
| ▸ да препишува правилно реченици и кратки | ▸ Препишување на кратки | ▸ Препишување | ▸ Вежби за правилно препишување на текстови од кирилица на латиница и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| текстови;<br>▸ да пишува честитка и разгледница; | текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од кирилица на латиница, од латиница на кирилица)<br>▸ Писмено прераскажување на обработен текст или дел од текст<br>▸ Писмено раскажување на доживеан настан<br>▸ Писмено раскажување со даден почеток<br>▸ Писмено опишување на предмет, суштество и лик<br>▸ Пишување состав по низа слики и по дадени зборови | ▸ Прераскажување<br>▸ Опишување<br>▸ Известување<br>▸ Честитка<br>▸ Покана<br>▸ Разгледница | обратно.<br>▸ Вежби за слободно составување на состави според слика, дадени зборови, по даден почеток и со изменување на крајот.<br>▸ Вежби за пишување на честитки, покани и разгледници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ▸ Пишување честитка<br>▸ Пишување разгледница<br>▸ Пишување покана | | |
| ▸ да се поттикнува да учествува во изведување драмски текст со избор на улоги. | ▸ Играње улоги | ▸ Претстава | ▸ Читање и играње улоги според драмски текст. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да следи радиоемисија и ТВ - емисија и да разговара за нивната содржина;<br>▸ да се поттикнува да следи настани во филм и да се оспособува да го раскажува дејството на филмот;<br>▸ да следи театарска и куклена претстава и да разговара за нивната содржина;<br>▸ да ја научи намената на библиотеката и да знае да позајмува и враќа книги од неа;<br>▸ да чита, да прераскажува, да пренесува кратки информации од детскиот и соодветни текстови од дневниот печат;<br>▸ да се воведува во пребарување податоци од Интернет. | ▸ Радио и ТВ – емисии<br>▸ Филм<br>▸ Театар:<br>а) театарска претстава<br>б) куклена претстава<br>▸ Библиотека<br>▸ Детски и дневен печат<br>▸ Интернет | ▸ Радио и ТВ– емисии<br>▸ Филм<br>▸ Театар: театарска претстава, куклена претстава<br>▸ Градска библиотека<br>▸ Детски печат<br>▸ Интернет | ▸ Вежби за прераскажување на содржина на радио-емисија, ТВ-емисија и филм.<br>▸ Опишување на театарската сцена, костимите и кратко прераскажување на содржината на театарската претстава.<br>▸ Раскажување на впечатоците од посетата на театарската претстава (кино-театарска претстава).<br>▸ Вежби за користење на информациите од печатот и Интернет и разговарање за нивните содржини.<br>▸ Посета, запознавање, намена и користење на библиотека. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: *запознавање на околината, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование.*

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* - 216 часа годишно, 6 часа неделно.

По наставни подрачја се предлага: ***Почетно читање и пишување (латиница)***–ориентационо 80 часа; ***Јазик (граматика*** –ориентационо 60 часа; ***Читање литература и лектира***-ориентационо 25 часа; ***Изразување и творење***-ориентационо 36 часа; ***Медиумска култура***-ориентационо 15 часа.

1. Наставното подрачје *Почетно читање и пишување(латиница)* интегрирано планирање може да има со предметите: запознавање на околината (преку употребата на сите појави, суштества, растенија и објекти кои се предмет на обуката за пишување и читање и учење на значењето на поимите); ликовно образование (преку сите графички елементи кои ученикот ги употребува при пишувањето, имитирањето и прецртувањето на буквите); физичко и здравствено образование (преку употребата на сите движења кои ученикот ги прави при графомоторната експресија во тек на пишувањето и препишувањето).

2. Наставното подрачје *Јазик (граматика)* може да има интегрирано планирање со запознавање на околината (преку елементите од природата кои се користат при изговорот и усвојувањето на граматичките форми); музичко образование (преку музичкото испејување на гласовите, зборовите, слоговите и нивната звучност и музичка обработка на гласовите и буквите); Ликовно образование (задржување на линеацијата и употребата на ликовните форми при пишување ); физичко и здравствено образование (преку графомоторната активност при пишувањето).

3. Наставните подрачја *Читање литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура* , интегрирано планирање може да имааат со предметот: запознавање на околината (преку елементите од околината и природата кои се употребуваат при обработката на дејствата од литературата и лектирите); математика (преку унапредување на бројот на сликите/анимациите кои се обработуваат); физичко и здравствено образование (преку физичките движења, активноста на грубата и фина мускулатура и гестикулациите при имитација при играње на улогите); ликовно образование (преку ликовните форми и активности при цртањето по мотив од литературата и лектирата).

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја

опфатени во оваа наставна програма. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на наставата, како и реализацијата на поставените цели *целите кои ученикот треба да ги постигне во оваа учебна година, а исто така и способноста и капацитетот на учениците/ученикот со кој располага/аат притоа*, па според тоа на сите содржини не може и не треба да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Појдовна основа при планирањето да биде индивидуата на ученикот(способноста и капацитетот), карактерот апсовацијата на наставната материја, а временскиот рок да зависи од тоа. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

- *Наставни средства:*
  - наставни средства, материјали, опрема, прибор и други дидактички елементи и средства кои се прифатливи за учениците, кои им го привлекуваат вниманието и будат интерес кај нив, а преку кои со манипулација со нив може во најголема мера да се постигнат предвидените цели и да се подобри психофизичкиот статус на учениците и образовниот капацитет;
  - наставни средства направени и адаптирани од наставникот (шаблони, граничници, картон-пример, покажувач и сл.);
  - енциклопедии, речници, сликовници (музички и со текстури и сл.);
  - интернет, образовни софтвери (*Tool Kid* и др.);
  - списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
  - аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот -ЦД и др. литературни текстови, звучна читанка);
  - куклен параван;
  - други извори на учење во непосредната околина.
- *Наставни методи:*

Наставните методи коишто наставникот ги користи во реализацијата на наставната програма претставуваат збир на методолошки постапки и техники кои инаку се користат при образование на учениците од редовната популација, но со адаптирање на нормите, принципите и постапките кои наставникот ги превзема за создавање слика и претстава за она што сака да му го пренесе на конкретен план. При употребата на истите наставникот мора да има јасна слика за целокупната индивидуа на ученикот со пречки во психичкиот развој (способности, карактеристики, специфичности, однесување, неприфатливи појави, социјални отстапувања, пубертет....). Никогаш за сите ученици не треба да се употребуваат исти методи, т.е. кон секој ученик да се има индивидуален пристап, по квалитет, квантитет, интензитет и цел кој а му одговара на неговите способности и специфичности.

Бидејќи целите на оваа наставна програма се подигнати и знажително приближени кон оние од редовната настава, овојпат наставникот мора да вложи поголем напор и индивидуализација на наставата, со употреба на многустран пристап кон ученикот на конкретно ниво. *За успешноста на употребата на методот се смета онаа постапка која кај ученикот со пречки во психичкиот развој ќе придонесе за усвојување на содржина/знаење со оптимално ниво на употребливост во отворена средина и/ или реални услови.*

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалниот развој, физичкиот развој и евентуалната промена на социјалната семејна атмосфера и текови.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во трето одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази, снимени и сликани материјали и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно и во кои наставникот внесува податоци за постигањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социо-емоционален и психомоторички аспект). *Евалвационите листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на ниво на трето одделение и не се преодни за повисокото одделение.*

*МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување.

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

Согласно со природата на програмата по македонски јазик во трето одделение, за ученици со пречки во психичкиот развој, проверувањето и описното оценување треба да се реализираат *усно, практично, преку презентација и вербални и невербални вежби, или сликовно-писмени вежби и со проверување на употребноста на она што е научено во импровизирана или реална средина* .

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- да научи да чита и пишува букви и краток текст со печатни латински букви;
- да разликува латинско од кирилско писмо;
- да научи да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да препознава именки, придавки и глаголи и да ги разликува како видови зборови;
- да се оспособи за користење на елементарните граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- да се оспособи да ги разликува и користи видовите реченици (расказни, извични, прашални);
- да се оспособи да оперира со именките (сопствени и општи), глаголите и интерпункциските знаци;
- да стекне вештина да чита и прераскажува усно литературни дела од литературата соодветна на возраста;
- да знае да раскажува усно на литературен јазик;
- да се оспособува да учествува во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти;
- да го збогати речникот со нови зборови;
- да развие чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- да умее да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- да се оспособува за примена на ИКТ во функција на предметот.

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *македонски јазик* за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје 23. 06. 2010

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-521/34
23. 06. 2010 год.
СКОПЈЕ